***З А П И С Н И К***
***од 26-та седница  на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 25.08.2023 година***

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар со почеток во 11 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска и Магдалена Вељановска.

На седницата присутен беше градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски. Од општинската администрација присутни беа  Александра Трајковска, Марина Поповска, Јасмина Василеска Перчаковска. На седницата присутни беа директорот на ЈКП „Комуналец“ Гоце Мицковски, директорот на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар Александар Чорбевски, директорката на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар Валентина Димовска, вд директорката на ООУ„ Браќа Миладиновци“ с.Жван Андријана Наумовска, директорката на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Мирјана Кондинска  и претставник од ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар Цане Трајчевски. На седницата присутен беше и Драган Јанкуловски претседател на МЗ Брезово по предходно најавено присуство.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записиник од 25-та седница на Совет на општина Демир Хисар

Записникот беше усвоен со 11 „за“

На  седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација .
2. Донесување на Одлука за давање согласност на измена и дополнување на планот за вработување на општина Демир Хисар за 2023 година.
3. Давање согласност на Годишен план за вработување на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2024 година.
4. Измени и дополнување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2023 година (втор ребаланс)
5. Донесување на Одлука за поништување на одлуката за издавање на деловен простор  под закуп - дел од Дом на културата во с.Слепче,  сопственост на  општина Демир Хисар бр.17-57/2 од 17.01.2023.
6. Донесување на Одлука за издавање на деловен простор  под закуп - дел од Дом на културата во с.Слепче,  сопственост на  општина Демир Хисар.
7. Давање согласност на Годишен план за вработување на Општина Демир Хисар за 2024 година.
8. Донесување на Одлука за дополнување на програмата за донесување на    урбанистичките планови општина Демир Хисар за 2023 година.
9. Усвојување на Годишна програма на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година.
10. Усвојување на Извештај за работа на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2022/2023 година.
11. Усвојување на Годишна програма на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина  Демир Хисар за учебната 2023/2024 година.

12. Усвојување на Извештај за работа на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2022/2023 година.
13. Усвојување на Годишна програма на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2023/2024 година.
14. Давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „ДехиТранс“ Демир Хисар за 2024 година.
15. Усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар за 2023 година за период од 01.01.2023-30.06.2023 година.
16. Давање согласност на Ценовникот за вршење на услуги за за превоз од страна на Јавното претпријатие Дехи Транс-Демир Хисар.
17. Донесување на Одлука за доделување на финансиска помош на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар.
18. Донесување на Одлука за давање согласност на Првилникот за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на децата во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар.
19. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи измени и дополнување на Дневниот ред со точката 1. Донесување на решение за разрешување и именување на членови во УО во ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар се повлекува, а на нејзино место да се стави точката Донесување на Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација која се однесува на манастирот Св. Тома КО Граиште. Советникот Сашо Михајловски предложи да се дополни Дневниот ред со точка Донесување на одлука за измени планот за вработување за 2023 година кој беше предложен на предходна седница. Во измените да бидат планирани само унапредувањата кои беа предложени и тогаш реков дека ќе ги подржам унапредувањата затоа сега предлагам да се стави точката на дневен ред, но само во тој дел. За предлогот на советникот Михајловски подршка даде и советничката Марина Димитријовска, да се направи одвојување да се стават на дневен ред само унапредувањата. Градоначалникот Никола Најдовски објасни досега имало пракса секој кој ќе ги исполни условите да биди унапреден, тие што го имаа исполнето условите предходно беа унапредени, истото ќе важи и за останатите кои ќе го исполнат условите, денеска не е точка на дневен ред планот за 2023 година. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски се согласи со дискусијата на градоначалникот секој кој ќе ги исполни условите да се унапреди. Советникот Сашо Михајловски предложи да се дополни дневниот ред и со таква точка да се донеси одлука или заклучок секој кој ќе ги исполни условите да биди унапреден. Градоначалникот Никола Најдовски додаде предходно беше даден предлог за измена на планот за 2023 година и тука беа планирани реално потребните вработувања тоа се реално потребни на општината исто беа планирани и унапредувања и не е коректно да се одвојат затоа што потребно е да се вработат на веќе испразнети места по основ на пензионирање. За да се направи дополнителни консултации Претседателот на Советот Љупчо Најдовски даде пауза. После паузата советникот Сашо Михајловски остана на предлогот Дневниот ред да се дополни со две точки и тоа едната Да се донеси измена на планот за вработување за 2023 година само во делот за унапредување и втора точка донесување на одлука или заклучок секој кој ќе ги исполни условите од вработените во општинската администрација да се унапреди. Претставникот од општината Јасмина Василеска Перчаковска објасни до 31.12.2023 година можи да се врши измена на планот за вработување за 2023 година. Советничката Сандра Пејковска истакна од сопствено искуство од областа на човечки ресурси не е спорно да се направи унапредување на вработени кои ги исполниле условите за тоа, межутоа тоа е ново вработување секое унапредување остава испразнето работно место бара ново вработување, но да се донеси одлука со која се обрзува да се унапреди секој кој ги исполнил условите тоа не можи. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски забележа со ова излагање советничката Пејковска е контрадикторна, претставникот од администрацијата објасни дека можи да се направи измена на планот. Потоа праша до кога имаат договор лицата кои се вработени преку агенција за посредување

при вработување. Градоначалникот Никола Најдовски објасни овие вработени се на испразнети работни места поради пензионирање договори имаат до 31.12.2023 година, но треба да се планираат средства. Договори имаат до крајот на годината, а средства за плата има заклучно со месец август забележа претседателот на Советот Љупчо Најдовски, Советот е ставен пред свршен чин и да не изгласаме средства за плата по судски пат ќе добијат општината ќе плати многу повеќе. Кога се случуваат договори треба и средства да се обезбедат. Градоначалникот Никола Најдовски објасни беа планирани средства, но со зголемување на минималната плата нема доволно план. За советникот Сашо Михајловски не е спорно тоа има согласност со донесување на законот треба да се исполнат и законските обврски во делот на платите. Во моментот се разговара за унапредувањето и затоа предлага точка на дневен ред измена на планот за вработување кој беше предложен со тоа што ќе се донеси само делот за унапредување. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски дополни кога сме кај планот за унапредување има и други двајца кои ги исполнуваат условите и треба да бидат планирани за унапредување. Потоа додаде да се донеси заклучок секој кој ќе ги исполни условите да биди унапреден. Градоначалникот Никола Најдовски објасни со предлогот на планот за вработување беа планирани унапредувања, но за нови унапредување да се планираат треба прво да се менува систематизацијата и да се донеси план ако нема такви места нема да можат да се унапредат. Советничката Сандра Пејковска рече секоја одлука или заклучок што го носи Советот треба да биди согласно закон, во законот стои врз основа на што се врши унапредување. Нема потреба од препорака по закон има должност да направи план за пополнување на работно место кое е испразнето по основ на пензионирање, исто тие што ќе исполнат услови да се унапредат за да се направи тоа треба да се исполнат и условите во одделението. Проблем е тоа што сами си даваме надлежност да носиме заклучоци со тоа само се бламираме, измени на планот можи да се донесат ако се носи за унапредување треба да се донеси и за вработување на испразнетите места. Потоа објасни со пример како ќе функционира во пракса ако некој се унапреди, а неговото испразнето место не се пополни. Градоначалникот Никола Најдовски истакна на предходната седница беше ставена точка на дневен ред планот со предлог за вработување и унапредување од страна на советниците не беше прифатен, сега се бара повторно да се стават на дневен ред делот кој сакаме да се донеси, делот кој не сакаме да не се донеси, ако одиме во таа насока нема да се реализира, ако се сака само политички да се поентира можи така да се постапува, подобро е да се види реалната ситуација имаме испразнети места по основ на пензионирање треба да се пополнат тие работни места за нормално функционирање на општината и унапредувањата кои беа планирани. Советникот Сашо Михајловски побара пауза за дополнителни консултации. После паузата немаше дискусија и нови предлози предлогот да се стави точка на дневен ред измени на планот за вработување на општина Демир Хисар за 2023 година кој беше предходно предложен само во делот на унапредувањата беше ставен на гласање. Со 6 „за“ 1 „против и 4 „воздржани“ се прифати предлогот за дополнување на дневниот ред. Оваа точка да биди втора точка, а понатаму останатите точки да поместат согласно редоследот. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи од наредната седница седниците на Совет ќе се одржуваат во салата за состаноци во домот на пензионерите, да се обезбедат услови односно да се постави клима уред и венецијанки на прозорците, исто и седниците да бидат директно пренесувани во јавноста. Предлогот беше едногласно прифатен од сите. Исто така Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна во јавноста се шпекулира дека советот донесол одлука за распределување на плочките кои беа извадени од пред Домот на културата да биди јасно таква одлука Советот нема донесено, потоа праша дали има доволно плочки за да се заврши делот пред стамбената зграда кој беше планиран да се постават тие плочки. Повеќе предлози и прашања немаше Дневниот ред изменет и дополнет согласно предлозите беше усвоен.

***ТОЧКА 1. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација***

За Одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација во своето излагање градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски истакна се работи за манастирот Св. Тома во КО Граиште поднесено барање за легализација има

Македонска Православна Црква-Охридска Архиепископија, Скопје, Преспанско-пелагониска православна епархија, Битола за црквата и пропратните објекти. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 2. Одлука за давање согласност на измена и дополнување на планот за вработување на општина Демир Хисар за 2023 година***

Во врска со Одлука за давање согласност на измена и дополнување на планот за вработување на општина Демир Хисар за 2023 година советникот Сашо Михајловски објасни предложениот план да се измени со тоа што ќе се стават само унапредувањата кои беа предложени и со напомена сите кои ги исполнуваат условите да бидат унапредени. Дискусија повеќе немаше. Со 6 „за“ 2 „против“ и 3 „воздржани“ одлуката се донесе.

***ТОЧКА 3. Годишен план за вработување на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2024 година***

За Годишниот план за вработување на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2024 година објаснување имаше директорот Гоце Мицковски. Советничката Сандра Пејковска праша зошто е празен планот треба да се планираат работните места кои треба да се пополнат. Советникот Сашо Михајловски додаде директорот требало да побара ако има потреба. Дискусија повеќе немаше. За донесување на планот гласаа 8 „за“ 2 „воздржани“ и 1 „против“.

***ТОЧКА 4. Измени и дополнување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2023 година (втор ребаланс)***

Измените и дополнувањето на Буџетот на општина Демир Хисар за 2023 година (втор ребаланс) беа донесени од Комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Сандра Пејковска. За предложените измени во Буџетот на општина Демир Хисар за 2023 година објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи измени и тоа програма А0 совет ставка 426 планирани со буџетот 50.000, а се предлага зголемување на 70.000 предложи зголемувањето да биди за 10.000, а не 20.000 како што е планирано доволни се 60.000. Ставка 464 разни трансфери планирани со буџетот 1.500.000 се предлага зголемување на 2.000.000, праша што се плаќа од оваа ставка. Претставникот Марина Поповска објасни од оваа ставка се плаќа по барања од месни заедници, црковни одбори потрошен е планот има уште барања затоа се зголемува. Ставка 471 социјални трансфери се зголемува за 500.000 за оваа ставка претставникот Поповска објасни планот е потрошен има за исплаќање еднократна помош, за првачиња, за новороденчиња. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша во програма Д0 градоначалник ставка 413 тековни резерви се зголемува на 80.000 за што се трошат овие средства. Претставникот Марина Поповска објасни од оваа ставка се исплаќа за смрт на вработен или член на негово семејство, потрошени се средства и има барања за исплата. Програма Е0 претседателлот на Советот Љупчо Најдовски побара објаснување за ставките 423 материјали за ситен инвентар се намалува за 50.000, ставка 425 договорни услуги се зголемува за 334.000,  427 привремени вработувања, 452 каматни плаќања за кредити се зголемува за 238.000. Претставникот од општината Марина Поповска објасни на ставка 423 се намалува има повеќе средства затоа се намалува, на ставка 425 договорни услуги од оваа ставка се исплаќа плата за двајца вработени еден хигиеничар во општината и едно лице вработено во детската градинка, исто има ангажирано проценител, бидејќи лицето кое врши проценка подолго време отсуствува од работа. Од ставка 427 привремени вработувања тука се планирани четирите вработени во општината преку агенција, планирани се до 31.12.2023 година. Од 452 каматни плаќања има огромно зголемување се плаќаше по 10-20.000, сега се 159.9000, градоначалникот Никола Најдовски дополни потпишани се договорите така како што се, незнам што се случува каматите многу варираат. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски побара објаснување за програмата Јг -изградба на системи за наводнување се зголемува, ставка 480 купување на опрема исто се зголемува за 100 % на што се должи тоа, во врска со програмата Јг градоначалникот Никола Најдовски објасни во Слепче се вршеше реконструкција на дел од водоводна мрежа се донесе одлука на совет ставката се зголемува за реконструкција на пумпа за вода, за ставка 480 купување на опрема предходната година се набави играчки за еден парк, сега се планира на повеќе места на 4 места играчки за деца и во Демир Хисар се планира справи на отворено. Претседателот на Советот Љупчо

Најдовски за ставката 425 од програмата К4 забележа многу средства се потрошени за летната школа дали тука учествува и министерството за култура, а советничката Марина Димитријовска праша колку е разликата во споредба со предходната година. Градоначалникот Никола Најдовски објасни ние имаме обврска да ги сместиме учесниците, сместувањето е со полн пансион многу се зголемени угостителските услуги споредено со предходна година и има повеќе учесници. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша за програмата Л0 спорт и рекреација зошто се зголемува ставката, потоа забележа останаа само 10.000 кои ги предложи за намалување да се префрлат во некоја програма. Претставникот Марина Поповска објасни тие средства се потребни во ставката репрезентација, бидејќи има фактури за плаќање. Претседателот на Советот Најдовски образложи има реакции во јавноста дека сме седеле во кафани на сметка на општината, затоа во ставката репрезентација несакам да има средства, можиме да си платиме сами сметка во кафана. Повеќе немаше прашања во врска со ребалансот додаде дека ќе гласа воздржано. Советникот Сашо Михајловски додаде репрезентација секогаш имало и ќе има не се потрошени средства во оваа ставка не сме седеле по угостителски објекти на сметка на општината. Дискусијата беше исцрпена. За донесување на измените и дополнувањата на Буџетот гласаа 8 „за“ 3 „воздржани“.

***ТОЧКА 5. Одлука за поништување на одлуката за издавање на деловен простор под закуп - дел од Дом на културата во с.Слепче, сопственост на општина Демир Хисар бр.17-57/2 од 17.01.2023***

За Одлуката за поништување на одлуката за издавање на деловен простор под закуп - дел од Дом на културата во с.Слепче, сопственост на општина Демир Хисар бр.17-57/2 од 17.01.2023 немаше дискусија. За донесување на одлуката гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 6. Одлука за издавање на деловен простор под закуп - дел од Дом на културата во с.Слепче, сопственост на општина Демир Хисар***

За Одлуката за издавање на деловен простор под закуп - дел од Дом на културата во с.Слепче, сопственост на општина Демир Хисар градоначалникот Никола Најдовски објасни предходно имаше заинтересиран инвеститор донесовме и одлука и повеќе не се јави. Сега има друг заинтересиран инвеститор затоа се носи друга одлука. Се направи проценка се утврди киријата ја прифати да се донеси одлуката да се склучи договор. Ако добро работи е заинтересиран и да го купи просторот, зависи и од тоа дали ќе најди работници. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 7. Согласност на Годишен план за вработување на Општина Демир Хисар за 2024 година***

За согласноста на Годишниот план за вработување на Општина Демир Хисар за 2024 година претставникот Јасмина Василеска Перчаковска објасни планот за 2024 година е празен нема планирани вработувања мора да се запази рокот. Дискусија немаше. За годишниот план за 2024 година гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 8. Одлука за дополнување на програмата за донесување на урбанистичките планови општина Демир Хисар за 2023 година***

Во врска со Одлука за дополнување на програмата за донесување на урбанистичките планови општина Демир Хисар за 2023 година градоначалникот Никола Најдовски во отсуство на претставник од одделението за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС објасни се работи за канализациона мрежа во Вардино. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 9. Годишна програма на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година***

Годишната програма на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година беше усвоена од комисијата за опшествени дејности објасни Претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За програмата објаснување имаше директорката Валентина Димовска. Во врска со програмите од училиштата Претседателот на Советот Љупчо Најдовски забележа седничкиот материјал го добивме во електронска форма тоа е во ред, но за работа на седница на Совет треба да имаме печатен

материјал или советниците да имаат уреди, вака треба да расправаме без да имаме пред себе материјали. Затоа предложи да се размислува за набавка на лаптоп за секој советник. Дискусија за програмата немаше. Со 11 „за“ беше усвоена програмата.

***ТОЧКА 10. Извештај за работа на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2022/2023 година***

Извештајот за работа на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2022/2023 година беше усвоен од Комисијата за општествени дејности објасни Претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот објаснување имаше претставникот Александра Ѓорѓиовска Трајчевска. Дискусија немаше. За донесување на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 11. Годишна програма на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2023/2024 година***

Годишната програма на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2023/2024 година беше усвоена од Комисијата за општествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот излагање имаше претставникот Александра Ѓорѓиовска Трајчевска. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 12. Извештај за работа на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2022/2023 година***

За Извештајот за работа на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2022/2023 година објаснување имаше директорката Мирјана Кондинска. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 13. Годишна програма на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2023/2024 година***

За Годишната програма на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2023/2024 година објаснување имаше директорката Мирјана Кондинска. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 14. Согласност на Годишен план за вработување на ЈП „ДехиТранс“ Демир Хисар за 2024 година***

За согласноста на Годишен план за вработување на ЈП „ДехиТранс“ Демир Хисар за 2024 година објаснување имаше вд директорот Александар Чорбевски. Дискусија немаше. Со 9 „за“ и 2 „воздржани“ планот беше усвоен.

***ТОЧКА 15. Финансиски извештај за работењето на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар за 2023 година за период од 01.01.2023-30.06.2023 година***

Финансискиот извештај за работењето на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар за 2023 година за период од 01.01.2023-30.06.2023 година беше усвоен од Комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Сандра Пејковска. За извештајот објаснување имаше вд директорот Александар Чорбевски. Дискусија немаше. За извештајот гласаа 9 „за“ 2 „воздржани“.

***ТОЧКА 16. Согласност на Ценовникот за вршење на услуги за за превоз од страна на Јавното претпријатие Дехи Транс-Демир Хисар***

За согласноста на Ценовникот за вршење на услуги за за превоз од страна на Јавното претпријатие Дехи Транс-Демир Хисар објаснување имаше вд директорот Александар Чорбевски. Имено цените се исти само каде има помалку деца има мало покачување на цените да се добие истиот износ. Дискусија немаше. Со 8 „за“ и 3 „воздржани“ беше донесена согласноста.

***ТОЧКА 17. Одлука за доделување на финансиска помош на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар***

За Одлуката за доделување на финансиска помош на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар објаснување имаше градоначалникот Никола Најдовски, имено градинката е во незавидна финансиска состојба. Сега можиме да му помогниме со 250.000 за отплата на дел од обврската за нафта. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни ако ја зголемевме цената на 2.000 денари за престој уште на почетокот на годината до ова немаше да дојди. Претставникот Цане Трајчевски додаде не е можно да се работи со овие цени, дотацијата е многу мала, цените на храната се високи.

Затоа апелиравме да се донеси оваа одлука неколку општини ја имаат донесена. Исто и имавме задолженија од санитарна инспекција да извршиме санација, за тоа потребни се средства. Градоначалникот Никола Најдовски објасни по барањето општината може да помогни со 250.000 за нафта, исто ќе се плати материјалите за активностите по насока на санитарната инспекција, а работната рака беше договорено вработените сами да санират. Толку се можностите на општината. Дискусијата беше исцрпена. За донесување на одлуката гласаа 8 „за“ 3 „воздржани“.

***ТОЧКА 18. Одлука за давање согласност на Првилникот за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на децата во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар***

За Одлуката за давање согласност на Првилникот за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на децата во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар објаснување имаше претставникот Цане Трајчевски. Советничката Марина Димитријовска истакна во предлог правилникот се бара зголемување на 2.000 денари, со оглед на изнесеното за финансиката состојба во детската градинка предложи да се разгледа можноста да биди 1.800 денари и да се планира за семејствата кои носат две или три деца да финансира општината, да не падни теретот на родителите. Претставникот Цане Трајчевски забележа ако некој е во тешка состојба тоа е детската градинка, што може со тие средства да се направи, а треба да се набави храна согласно листа за исхрана, да не дојде до ситуација да нема храна да се купи за децата, сите знаеме колку се зголемени цените на храната. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски повторно истакна ова требаше уште порано да се направи нетребаше да се дозволи да дојди до ваква финансиска состојба детската градинка. Потоа додаде да се утврди реално колку кошта трошокот, ако овие 2.000 кои се предложени се доволни тогаш е во ред, сите сме свесни колку е зголемена цената на храната. Од страна на градоначалникот Никола Најдовски беше побарано пауза за дополнителни консултации. После паузата во насока на дискусијата и предлозите кои беа претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се прифати предлогот од 2.000 денари, а за секое второ и трето дете од исто семејство кои посетуваат градинка, месечниот износ да остани исти. Советникот Сашо Михајловски додаде предлогот е прифатлив да се направи список од детската градинка колку семејства има кои носат по две или три деца, додека советничката Марина Димитријовска дополни треба да се донеси одлука за субвенционирање за второ и трето дете. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде да се гласа за предложениот правилник, и да се изготви заклучлок во кој ќе се регулира предлогот. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 8 „за“ 3 „воздржани“.

***ТОЧКА 19. Предлози и прашања***

Барање од МЗ Зашле

Во врска со барањето на седницата беше присутен претседателот на МЗ Зашле Драган Јанкуловски ги запозна советниците на повеќе наврати има доставено барање до општината и тоа чистење на вегетација на патот Доленци-Брезово-Зашле, патот е ископан на повеќе места, има донесено песок треба да се растури, да се прошират кривините, треба да се сменат бандери има кои се оштетени. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објани за бандерите тоа треба со ЕВН општината нема надлежност тука, можи да поднесите барање до ЕВН. За растурање на песокта кога ќе дојди машината ќе се растури, каде има можност ќе се изврши проширување на патот, за санирање на оштетување на патот треба стручно лице да направи предмер пресметка, да се донеси заклучок да му се плати на ЈКП „Комуналец“ да го санира. Едногласно беше прифатен предлогот. Градоначалникот Никола Најдовски додаде кога ќе биди машината во селото да му се кажи што има потреба да се сработи.

Барање од МЗ Обедник

Месната заедница од Обедник има поднесено барање за финансиска помош за изградба на џамијата. Во барањето има наведено 60.000. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни советот доделил средства на повеќе барања за изградба на манастири, цркви и сега ќе помогни за џамијата. Досега најмногу средства се определиле 30.000 затоа предлага и сега да бидат 30.000. Градоначалникот Никола Најдовски објасни досега се практкуваше овие средства да бидат во

градежен материјал исто и сега 25.000 или 30.000. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи 30.000. За предлогот гласаа 11 „за“.

МЗ Вирово

Месната заедница Вирово бара да се планира проект за патот до црква Св. Петка Вирово.

Градоначалникот Никола Најдовски објасни тоа во планот за 2024 има барања за повеќе места да се планира проекти.

Слепче

Барање да се постават цевки на ошететно место на патот. Едногласно беше одлучено да се псотават цевките.

Дискусија повеќе немаше.
Дневниот ред беше исцрпен, претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр.17- 928/2
29. 09.2023 година
Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски